Врз основа на член 32 од Законот за финансирање единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 97/07 и 156/09 и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 08.02.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К 1 и К 2 за IV квартал во 2009 година**

1.Се усвојува Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К 1 и К 2 за IV квартал во 2009 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 07 – 351/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
08.02.2009 год. Претседател,
Крива Палнака Миле Милковски ,с.р.

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за К 1 и К 2 за IV квартал во 2009 година**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за К 1 и К 2 за IV квартал во 2009 година, што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на 08.02.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 351/4 ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
11.02.2010 год. Градоначалник,
Крива Паланка Дипл.прав. Арсенчо Алексовск,с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/2004 и 96/2004, 97/07 и 156/09) и член 14 од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.7/2006), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 08.02.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2010 година

### Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка бр. 07-4457/1 од 24.12.2009г. („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.14/09), се вршат слелдните измени:

**Измена на член 9**

Во член 9 став 3 наместо 75,3 денари се заменува со 73,85 денари.

**Измена на член 11**

Во член 11, став 1 наместо 800,00 денари се заменува со 500,00 денари а ставот 5 се брише.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од 01.01.2010 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07-351/5**
**08.02.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година

1. Се прогласува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на 08.02.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 351/6**
**11.02.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) година, а во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ“ бр. 64/05, 4/08), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 22.06.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## За измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2010 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година, и тоа на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| **E00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 401120 Основни плати-државни службе. | - 850.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 404150 Други надоместоци | 850.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | -1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 Привремени вработувања | 1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423110 Канцелариски материјали | - 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425290 Други финансиски услуги | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J80 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| 423410 Прехранбени продукти и пијал. | - 252.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423720 Материјали за разни поправки | 252.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**JD0 ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 482120 | Изградба на улици,патишта и автопати | - 1.620.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482940 | Надзор над изградбата | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482130 | Реконструкција на улици, патишта и автопати | - 1.300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482320 | Изградба на пречистителни станици и колектори | 720.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482810 | Подготвување проекти вклучувајки дизајн на капацитети во енергетиката | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 481210 | Подготвување проекти на деловни објекти | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07-351/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**08.02.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковки,с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година**

1. Се прогласува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на 08.02.2009 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 351/8
11.02.2010 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) , а во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен гвесник на РМ“ бр.64/05, 4/08), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 08.02.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За проширување на средствата на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2010 година

### Член 1

Со оваа Одлуката се врши проширување на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година, и тоа на следниот начин:

Се зголемуваат приходите
на следните потставки:

| | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| 741120 – Блок дотации на Општината по одделни намени | 0 | 0 | 0 | 1.857.448 | 0 |
| 742115 – Приходи од европски држави | 0 | 0 | 13.000 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 13.000 | 1.857.448 | 0 |

И се распоредуваат на следните
потпрограми и расходни потставки:

| | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| J D0 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | | | | | |
| 420210 – Патување во странство – хранарина (дневници) | 0 | 0 | 13.000 | 0 | 0 |
| N10 Основно образование | | | | | |
| 421240 – течни горива | 0 | 0 | 0 | 430.227 | 0 |
| 425760 – превозни услуги во образование | 0 | 0 | 0 | 340.000 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| N20 Средно образование | | | | | |
| 425760 – превозни услуги во образование | 0 | 0 | 0 | 448.604 | 0 |
| 482930- реконструкција на други објекти | 0 | 0 | 0 | 630.856 | 0 |
| V10 Детска градинка | | | | | |
| 423810 – Ситен инвентар | 0 | 0 | 0 | 7.761 | 0 |
| | 0 | 0 | 13.000 | 1.857.448 | 0 |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07- 351/9**
**08.02.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година

1. Се прогласува Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на 08.02.2009 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 351/10**
**11.02.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 18 и 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 97/07 и 56/09), член 4 од Законот за јавен долг („Сл.весник на РМ“ бр. 62/05), а согласно член 36,став1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), и чл.14 ст.1 т.40 од Статутот на Општина Крива Паланка (“Службен Гласник“ бр.07/2006 година), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 08.02.2010 година, донесе

# О Д Л У К А
## За долгорочно задолжување на Општина Крива Паланка

### I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Крива Паланка се задолжува долгорочно, за финансирање на капитална инвестиција.

**Член 2**

Потребата од долгорочното задолжување на Општината е јавен интерес за подобрување на општинските услуги .

### II ЦЕЛ НА ЗАДОЛЖУВАЊЕТО

**Член 3**

Цел на задолжувањето е реализација на капитален објект, изградба на мини хидроелектрани и тоа

- на цевководот Калин Камен - Крива Паланка (резервоар) и
- цевководот во с.Станци (фабрика за вода)-Крива Паланка.

### III НАЧИН НА ЗАДОЛЖУВАЊЕ

**Член 4**

Задолжувањето ќе биде во земјата или во странство при банкарска или друга финансиска институција, изразено во домашна валута, освен за задолжувањето во странство.

**Член 5**

Висината на задолжувањето изнесува согласно Идејниот проект 1.175.000,00 Еура.

Висината и типот на каматната стапка и останатите трошоци на кредитот ќе бидат утврдени согласно условите кои ќе бидат понудени, а ќе бидат најповолни во моментот на задолжувањето и прифатливи за Општина Крива паланка од финансиската институција при која ќе се изврши задолжувањето.

### IV НАЧИН НА ОТПЛАТА

**Член 6**

Отплатата на задолжувањето ќе се врши во текот согласно Договорот со банките односно институциите на еднакви годишни/полугодишни ануитети.

Годишното отплаќање на долгот за долгорочно задолжување не може да надмине 30% од вкупните приходи на тековно-оперативниот Буџет на општината од претходната година.

**Член 7**

Општината се обврзува дека во рок од 10 работни дена по секоја исплата на ратата во врска со долгот, ќе го известува Министарството за финансии.
За долгорочното задолжување Општината ќе изготви План за финансискиот капацитет и начинот на отплаќање, како и амортизациониот план.

V СОГЛАСНОСТ

**Член 8**

Општината е должна да потпише Договор за заем и истиот да го достави во рок од 10 работни дена до Министарството за финансии.

**Член 9**

За долгорочно задолжување на Општината потребна е претходна согласност од Владата на Република Македонија.

**Член 10**

По добивањето на писмената согласност од Владата на РМ, општината може да започне процедура за задолжување, во исти услови и рамки под кои е одобрено и барањето на општината за долгорочно задолжување.

VI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Советот на Општина Крива Паланка го одобрува долгорочното задолжување, по претходна одржана јавна расправа.

На јавната расправа ќе бидат предложен проекти -планови за објектите и тоа мини хидроелектрани на цевководот Калин Камен - Крива Паланка (резервоар) и цевководот во с.Станци (фабрика за вода)-Крива Паланка за кои општината може долгорочно да се задолжува, како и начинот и условите за финансирање.

**Член 12**

По одржаната јавна расправа ќе биде изготвена предлог Одлука и истата ќе биде доставена до Советот на усвојување.

**Член 13**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува по добивањето на писмената согласност од Владата на Република Македонија.

Бр.07-351/11
08.02.2010 год.
Крива Паланлка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Милковски ,с.р.

---



Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Крива Паланка

1. Се прогласува Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на 08.02.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 351/12**
**11.02.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен весник на Општина Крива Паланлкла“ бр.7/06) и согласно Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна мрежа во Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 12/09), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 08.02.2010 годна, донесе

## О Д Л У К А
## За реконструкција на постојаниот градски водовод во градот Крива Паланка

### Член 1

Со оваа Одлука се одобрува реконструкција на постојаниот градски водовод во градот Крива Паланка, со замена на постојаните асбесно-цементни водоводни цевки со полиетиленски цевки.

### Член 2

За реконструкција на постојаниот градски водовод на градот Крива Паланка ќе се изработи Проект со соодветниа техничка документација.

### Член 3

Изведувачот на работите ќе се избере согласно Законот за јавни набавки, кој ќе го спроведе до комисијата за јавни набавки на Општина Крива Паланка .

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-351/13**
**08.02.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за реконструкција на постојниот градски водовод во градот Крива Паланка

1. Се прогласува Одлуката за реконструкција на постојниот градски водовод во градот Крива Паланка, што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на 08.02.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 351/14**
**11.02.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалнла самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06) Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 08,02,2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За отстапување на управување на јавен тоалет на ЈП„Комуналец“ - Крива Паланка

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отстапување на управување на јавен тоалет на ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка на локалитет Стар зелен пазар Ул. „Илинденска“, к.п. 4621/2 КО Крива Паланка.

**Член 2**

Договорот за отстапување на јавен тоалет со ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка ќе го склучи Градоначалникот на Општина Крива Паланка, по претходно обезбедување на одобрение за употреба на објектот.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-351/15** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**08.02.2010 год.** — **Претседател,**
**Крива Паланка** — **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за отстапување на управување на јавен тоалет на ЈП „Комуналец“ - Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за отстапување на упрааување на јавен тоалет на ЈП „Комуналец“ - Крива Паланка, што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на 08.02.2009 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 351/16** — **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**11.02.2010 год.** — **Градоначалник,**
**Крива Паланка** — **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ„ бр.24/08), член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.91/09) и член

14 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.7/2006), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 08.02.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација за КП бр.5359 во КО Кркља**

**Член 1**

Се утврдува потреба од изработување на локална урбанистичка планска документација за КП бр.5359 во КО Кркља.

**Член 2**

Границата на планскиот опфат на локалната урбанистичка планска документација ќе биде во рамките на границата на катастарската парцела бр.5359 во КО Кркља.

**Член 3**

Содржината на планскиот опфат на локалната урбанистичка планска документација ќе биде „Изградба на планинарски дом со бунгалови (Влашки куќи).

**Член 4**

Просторот на опфат на локалната урбанистичка планска документација за КП бр.5359 е опфат во границите на катастарската парцела.

**Член 5**

Локалната урбанистичка планска документација за КП бр.5359 содржи:

-планиран развој-текстуален дел и графички приказ;

-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 6**

Локалната урбанистичка планска документација за КП бр.5359 се заверува со потпис и печат на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-351/17**
**08.02.2010 г.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување потреба од изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација на КП.бр.5359 на КО Крклја**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување потреба од изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација на КП.5359 на КО Крклја, што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на 08.02.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 351/18**
**11.02.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ„ бр.24/08), член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.91/09) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.7/2006), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 08.02.2010 година, донесе

## О Д Л У К А

**за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација за КП бр.2891 К.О.Конопница**

**Член 1**

Се утврдува потреба од изработување на локална урбанистичка планска документација за КП бр.2891 во К.О.Конопница.

**Член 2**

Границата на планскиот опфат на локалната урбанистичка планска документација ќе биде во рамките на границите на катастарските парцели бр.2891 во К.О.Конопница.

**Член 3**

Содржината на планскиот опфат на локалната урбанистичка планска документација ќе биде згради во останато стопанство.

**Член 4**

Просторот на опфат на локалната урбанистичка планска документација за КП бр.2891 е опфат во границите на катастарската парцела.

**Член 5**

Локалната урбанистичка планска документација за КП бр.2891 содржи:

-планиран развој-текстуален дел и графички приказ;
-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 6**

Локалната урбанистичка планска документација за КП бр.2891 се заверува со потпис и печат на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07-351/19** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**08.02.2010 г.** — **Претседател,**
**Крива Паланка** — **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација на КП.бр.2891 на КО Конопница**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување потреба од изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација на КП.2891 на КО Конопница, што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на 08.02.2009 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 351/20** — **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**11.02.2010 год.** — **Градоначалник,**
**Крива Паланка** — **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ„ бр.24/08), член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.91/09) и член

14 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.7/2006), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 08.02.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација за КП бр.114/1 и 114/2 во КО Б“с**

**Член 1**

Се утврдува потреба од изработување на локална урбанистичка планска документација за КП бр.114/1 и 114/2 во КО Б“с.

**Член 2**

Границата на планскиот опфат на локалната урбанистичка планска документација ќе биде во рамките на границата на катастарската парцела бр.114/1 и 114/2.

**Член 3**

Содржината на планскиот опфат на локалната урбанистичка планска документација ќе биде „Изградба на објекти за туризам„.

**Член 4**

Просторот на опфат на локалната урбанистичка планска документација за КП бр.114/1 и 114/2 е опфатот на границите на урбанистичките парцели.

**Член 5**

Локалната урбанистичка планска документација за КП бр.114/1 и 114/2 содржи:
-планиран развој-текстуален дел и графички приказ;
-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 6**

Локалната урбанистичка планска документација за КП бр.114/1 и 114/2 се заверува со потпис и печат од Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07-351/21** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**08.02.2010 г.** — **Претседател,**
**Крива Паланка** — **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива

Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување потреба од изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација на КП.бр.114/1 и 114/2 на КО Б,с**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување потреба од изработка и донесување на локална урбанистичка планска документација на КП.114/1 І 114/2 на КО Б,с, што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на 08.02.2009 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 351/22**
**11.02.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ„ бр.24/08), член 26 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.91/09) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.7/2006), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 08.02.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од КП бр.550/2 и дел од КП 550/1 во КО Дурачка Река**

**Член 1**

Се утврдува потреба од изработување на локална урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од КП бр.550/2 и дел од КП бр.550/1 во КО Дурачка Река.

**Член 2**

Границата на планскиот опфат на локалната урбанистичка планска документација ќе биде во рамките на границата на катастарската парцела бр.550/2 и дел од КП бр.550/1 во КО Дурачка Река.

**Член 3**

Содржината на планскиот опфат на локалната урбанистичка планска документација ќе биде „Изградба на селски стопански двор“.

**Член 4**

Просторот на опфат на локалната урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од КП бр.550/2 и дел од КП бр.550/1 е опфат на границите на урбанистичката парцела.

**Член 5**

Локалната урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од КП бр.550/2 и дел од КП бр.550/1 содржи:

-планиран развој-текстуален дел и графички приказ;

-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 6**

Локалната урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од КП бр.550/2 и дел од КП бр.550/1 се заверува со потпис и печат на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07-351/23** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**08.02.2010 год.** — **Претседател,**
**Крива Паланка** — **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација за градежна парцела составена од КП.бр.550/2 дел од КП.550/1 во КО Дурачка Река**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација за КП.550/2 дел од КП550/1 во КО Дурачка Река, што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на 08.02.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 351/24** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**11.02.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 22 точка 1 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.24/08) и член 15-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.91/09) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 08.02.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација за Општина Крива Паланка за 2010 година**

**Член 1.**

Се дополнува Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација за Општина Крива Паланка за 2010 година бр.07-4457/7 од 24.12.2009 година, објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка и тоа:

-По точка Б од Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација за Општина Крива Паланка за 2010 година се додава нова точка Б1 која гласи:

- Изработка на урбанистички планови за села
  -Изработка на урбанистички план за села на локалитетот на трасата на цевководот за водоводот за Крива Паланка со зафат на Станечка Река.

-По точката Б1 се додава нова точка Б2 која гласи:

- Изработка на урбанистички план за вон населени места
  -Изработка на урбанистички план за вон населени места на локалитетот на трасата на цевководот за водоводот за Крива Паланка со зафат во „Калин Камен“.

**Член 2.**

Финансиската вредност за работите предвидени со Програмата за изработка на урбанистички планови за 2010 година ќе се зголеми за 390.000,оо денари.

**Член 3.**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.07- 351/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**08.02.2010 г.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за дополнлување на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација за Општина Крива Паланлка за 2010 година**

1. Се прогласува Одлуката за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација за Општина Крива Паланлка за 2010 година, што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на 08.02.2009 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 351/26** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**11.02.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав. Арсенчо Алексовски**

---

Врз основа на член 36 од Законот за локалнла самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 4 и 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на РМ“ бр. 29/05) и член 14, став 1 точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 07/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 08.02.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За формирање на Локален совет на националната платформа**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Локален совет на националната платформа во состав:

- Градоначалникот на Општина Крива Паланка;
- Членовите на Локалниот совет за превенција;
- Претседателот и членовите на Советот на Општината;
- Претседателите на месните и урбаните заедници во Општината;
- Претставник од Центарот за управување со кризи;
- Претставник од дирекцијата за Заштита и спасување.

**Член 2**

Со Локалниот совет на националната платформа претседава Градоначалникот на Општината Крива Паланка.

**Член 3**

Локалниот совет на Националната платформа ќе има задача да врши локална проценка на ризикот и опасноста со која се соочува Општината; да ги координира ресурсите и активностите во рамките на Општината; да ги организира граѓаните во местото на живеење и да остварува соработка и координација со другите општини во рамките на регионалниот совет на националната платформа.

**Член 4**

Оваа Одлука влелгува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во („Службен гласник на Општина Крива Паланка“)

**Бр.07-351/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**08.02.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за формирање Локален совет на националната платформа**

1. Се прогласува Одлуката формирање Локален совет на националната платформа, што Советот ја донесе на 13-та седница, одржана на 08.02.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 351/28
11.02.2010 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.

---

С О Д Р Ж И Н А